фенауер, академикот Михаило Апостолски, д-р Галаба Паликрушева, д-р Атанасие Урошевиќ, д-р Душан Лукаќ, Јаким Синадиновски, д-р Душан Недељковиќ и други беа покренати голем број прашања околу генезата и формирањето на македонскиот етнос, потоа повеќе такви од државно-правен карактер, за односот на странските сили кон НОБ, АСНОМ и македонската државност како и уште многу други. Со тоа се даде придонес кон разсветлување на проблемите разгледувани во рефератите, чии наслови делумно се апострофирани во приказов. Во дискусијата, па и во рефератите беа допирнати проблеми кои од разбирливи причини останаа само иницирани, па останува натамошните научни истражувања да дадат целосен одговор.

Според квалитетот и бројот на рефератите, според застапеноста на автори од Југославија (скоро од сите социјалистички републики и покраини), како и од Полска, САД, Германската Демократска Република и други, овој научен собир може да се оцени како успешен и кој ги исполни очекувањата на организаторот. Презентираните научни достигнувања и согледувања несомнено ја збогатуваат историографијата за АСНОМ и другите проблеми сврзани со тој државно-правен чин. Тие го афирмираат историското значење на Првото заседание на АСНОМ и остварувањето на придобивките на македонскиот народ и народностите од денешната територија на СР Македонија во борбата против фашизмот за национално и социјално ослободување.

М. Т.

## Отворена Спомен-соба на Крсте П. Мисирков во Институтот за македонски јазик во Скопје на 18 ноември 1974 година

По повод прославата на стогодишнината од раѓањето на Крсте П. Мисирков, на 18 ноември 1974 година во Институтот за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“ во Скопје беше на свечен начин отворена спомен-соба на оваа истакната личност на македонската историја, јазик и култура. Организаторите на оваа спомен-соба беа Одборот за одбележување на јубилејот, Републичката комисија за култура и Историскиот музеј на Македонија од Скопје.

Музеите како активни општествени фактори имаат големо значење за науката, воспитувањето, образованието и културата на нашите народи и народности, па затоа се институции од посебно општествено значење.

Во светот и кај нас функционираат разнородни музеи, условени од нивните дејности, односно гранки на науката. Според специфичностите на задачите: содржината и интерпретацијата на експозиции, научно-историските публикации и друго, имаат заеднички задачи како „носители на одредени функции на општеството“, и тоа просветно-воспитна и дидактичка, научно-истражувачка, туристичка и патриотска и др.

Музеолошката наука не дава вистинска дефиниција за некој музеј, односно не одредува некој

негов постојан образец. Како и секоја друга наука кај нас, така и музеологијата нема догматски идеи. Меѓутоа, сметаме дека меморијалните музеи (како и музеј-собите) можат да се вбројат во веќе постојната класификација, како специјални музеи (од локално, регионално, па и пошироко значење) во кои се изложени експонати на **еден историски настан** или **личност** (нејзиниот живот и творештво).

Во СР Македонија постојат десетина меморијални музеи и уште толку музеј-соби што зборува за оправданоста на нивното постоење. Исто така присутно е и настојувањето за организирање нови музеи, како што е впрочем и музеј-собата на Крсте П. Мисирков.

Осврнувајќи се кон музеј-собата на Крсте П. Мисирков, ќе го свртиме вниманието на неколку проблеми согледувани од аспектот на музеолошката наука, како дел на целокупната општествена репродукција и самоуправните социјалистички односи.

1. Во формирањето на меморијалните музеи е присутен проблемот што тие најчесто се организирани како резултат на моментните финансиски можности на комуната или Републиката, а во најчести случаи, за време на јубилејните празници, кога се одбележува датумот на раѓањето или смртта на некоја личност. Тогаш, времето е кратко, па работите околу организирањето се изведуваат набрзина. Таков беше случајот и со споменатата музеј-соба на Крсте П. Мисирков, кој се формира за само месец-два. Тој, по свеченото отворање беше затворен за да се извршат дополнителни работи!

Затоа, организирањето на меморијалните музеи и музеј-соби во нашата Република бара перманентно и систематско решавање преку донесување една **долгорочна програма,** без која не можеме да очекуваме ништо повеќе од она што досега сме го направиле.

2. За организирање на меморијалните музеи еден од основните фактори, секако, претставува **зграда** во којашто се поставува тематската експозиција. За таа цел се користат згради, градени за друга намена, или во постојните згради непосредно врзани за некоја личност или историски настан. Несомнена е предноста на овие други згради, за што не постоеше можност во случајот со музеј-собата на Крсте П. Мисирков (тој е роден во с. Постол, Еницевардарско, во Егејскиот дел на Македонија).

Сместена во ограничениот простор во една од салите на Институтот за македонски јазик „Крсте П. Мисирков“ во Скопје, музеј-собата на посетителот не му дава можност за запознавање на комплексните вредности на оваа личност. Имено, изложбен простор на еден меморијален музеј не смее да биде тесно ограничен само на визуелните елементи, туку пошироко да го прикаже времето во која личност работела и дејствувала, што од друга страна, на посетителот му се дава можност тој повеќе да се запознае со значењето на личноста, во случајот со личноста на Крсте П. Мисирков.

Всушност, оваа музеј-соба претставува една поширока дејност на Историскиот музеј на Македонија од Скопје, односно ја надополнува тематиката на неговата содр-

жинска концепција. Од друга страна, тоа значи прилог во разбивањето на институционалните рамки и затвореноста во себеси, во своите витрини и депоа.

3. Мемориалните музеи (како и сите други) кои не постојат сами за себе мораат со својата содржинска концепција да дадат можност изложените материјали да бидат **социјализирани,** а тоа значи да одговорат на функцијата што од нив го бара нашето самоуправно социјалистичко општество, односно да бидат секогаш отворени и пристапни на најширок круг луѓе. Впрочем, тие покрај воспитно-просветната задача имаат и **политичко воспитни** задачи, особено за младата генерација, од каде што тие ќе можат да учат за минатото на својот народ од **изворот.**

Ограничениот простор на музеј-собата на Крсте П. Мисирков и самата зграда (како научна институција) не даваат објективни можности за постојани посети и поголемо присуство, пред сè на учениците за кои треба да претставува **наставно-воспитен кабинет.**

4. Материјалните средства за организирање на меморијалните музеи се ограничени, па затоа организаторите се принудени да се прилагодуваат кон тие можности, настојувајќи во таквите материјални рамки да постигнат најмногу што е можно. Секако се чувствува потреба за усогласување на општествено-политичките организации, институции и општинските собранија во навремено обезбедување финансиски средства, што овозможува тие средства да бидат што порационално ползувани, со цел да се постигне она што најмногу е можно, на стручен и организационен план.

5. Веќе организираните меморијални музеи во Републикава, како и оваа музеј-соба на Крсте П. Мисирков го наметнуваат проблемот за натамошното чување, дополна на содржинските концепции, потхранување на експонатите и друго.

На крајот, сметаме дека нашите размислувања околу организирањето на меморијалните музеи треба да бидат насочени кон одредување место на овие институции како општествена потреба и обврска на заедницата.

Ѓ. М.